ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
ВМРО- Демократска партија за Македонско национално единство – ВМРО - ДПМНЕ

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност.

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извешти се ослободени од материјално погрешни прикажувања и дали активностите и трансакциите се во согласност со законската регулатива.

**Клучни утврдени состојби:**

Забрана за привремено располагање со дел од имотот на политичката партија преку поведена постапка од 2018 година, која влијае на проценетата вредност на дел од недвижниот имот искажан во Билансот на состојба Во деловните книги во 2020 година вредноста на имотот е зголемена за пресметаната ревалоризација.

**Издадено мислење/заклучок*:** (жолто)

Изразивме мислење со резерва во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
Одговорните лица на ВМРО-ДПМНЕ по завршување на постапката поведена пред надлежните органи, да преземат мерки и активности за соодветно искажување на недвижниот имот во Билансот на состојба.

**Клучни системски слабости:**
Да се преиспита законската одредба во делот на финансирањето на изборната кампања со средства од редовната сметка; допрецизирање во делот на донации од политичка партија, во однос на поединечните и вкупните лимити на средства, измена и дополна на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации и регулирање на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиена е забелешка по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор при што оценето е дека истата претставува образложение за констатираната состојба .

**Одговор на добиени забелешки:**
Одговорот на забелешките е даден во прилог на овој Конечен извештај.

* (зелено) позитивно, (жолто) со резерва, (црвено) неповолно, (црно) воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, П. Фах 249, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, Fax P. 249, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev Str.2 Palata Emanuel Cuckov, P.O. Box 249, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk